**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА**

# П Р А В И Л Н И К
**за**
**единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола**

**Битола, 2003 година**

Врз основа на чл. 67 и чл. 132 од Законот за високото образование ("Сл. весник " на РМ бр. 64/2000 ), чл. 29 од Единствените критериуми за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања донесени од страна на Интеруниверзитетската конференција, Универзитетскиот сенат на 12-та седница одржана на 03.2.2003 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за**
**единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот"Св. Климент Охридски" - Битола**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот"Св. Климент Охридски" - Битола.

Овој Правилник непосредно ќе се применува на факултетите, високите стручни школи и научните установи кои вршат високообразовна дејност, членки на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола. Со статутите, факултетите , високите стручни школи и научните установи можат согласно со овој Правилник, поблиску да ги утврдат условите за избор во наставно-научни, наставни , наставно-стручни и соработнички звања .

**Член 2**

Наставната и научноистражувачката дејност на факултетите , високите стручни школи и научните институти, ја остваруваат лица избрани во наставно-научни звања, научни звања, наставни звања, наставно-стручни и соработнички звања.

Високообразовна дејност може да врши само лице избрано во наставно-научно, односно наставно звање, за времето за кое е избрано.

По исклучок на став 2 од овој член високообразовна дејност за последипломски студии и за докторски студии може да врши и лице избрано во научно, односно соработничко звање, согласно со одредбите од Законот за нуачноистражувачка дејност, според еквивалентноста на звањата утврдени со Законот за високото образование.

**Член 3**

На факултетите, лицата се избираат во следните наставно-научни звања: доцент, вонреден професор и редовен професор.

На високите стручни школи лицата се избираат во наставни звања: предавач , виш предавач и професор на висока стручна школа.

На факултетите можат да се избираат лица во следните научни звања: научен соработник, виш научен соработник и научен советник, според Законот за научноистражувачка дејност.

Изборот во научни звања во научните институти се врши според Законот за научноистражувачка дејност.

**Член 4**

На факултетите во областа на филолошките науки и на другите високообразовни установи на кои се изведува настава по јазик, можат да се изберат лица и во наставно-стручните звања: лектор и виш лектор.

На факултетите можат да се избираат лица и во звањата насловен доцент и насловен вонреден професор, според услови и постапка утврдени во овој Правилник.

**Член 5**

Соработниците се избираат во звањата: помлад асистент, асистент, помлад лектор и уметнички соработник.

На факултетите, односно високите стручни школи можат да се избираат и демонстратори.

**Член 6**

Во научните установи научно-истражувачките работници се избираат во научни и соработнички звања (научен соработник, виш научен соработник и научен советник, како и помлад асистент истражувач и асистент истражувач) по критериуми и постапка утврдена со Законот за научно-истражувачка дејност.

Заради вршење на високообразовна дејност, под условите утврдени со Законот за високо образование, научните и соработничките звања стекнати според одредбите на Законот за научно- истражувачка дејност, одговараат на следните наставнички и соработнички звања: научен советник на редовен професор, виш научен соработник на вонреден професор, научен соработник на доцент и соработник во научно-истражувачка дејност на соработник во високообрзовна установа.

Еквивалентните звања од ставот 1 на овој член можат да се користат како наставно-научни и соработнички звања, ако научната установа добила

акредитација за вршење на последипломски и докторски студии, односно за стекнување на докторат на науки, во обем и под условите утврдени со Законот за високо образование и со решението за акредитација.

## II. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊА

### а) Критериуми за избор во наставно-научни звања

**Член 7**

Елементи кои можат да се земат предвид за избор во звањето **доцент** покрај елементите утврдени во Законот и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во рефератот на рецензентската комисија се:

- научен степен доктор на науки од научната област во која се избира;
- објавени најмалку 3 научни труда, односно јавно изведени или претставени уметнички дела во облик признат во структата;
- покажана способност за квалитетно изведување наставно-образовна работа;
- издадени интерна скрипта од вжби или практикум, или најмалку 10 стручни (научно-популарни) трудови;
- учество во научни проекти;
- учество во работата на стручни здруженија или други форми на нставно-научна работа на факултетот.

На научните трудови од став 1 на овој член кандидатот треба да биде водечки (главен) автор, а тие треба да бидат објавени или претставени на начин на кој струката им признава меѓународно значење или да имаат значење за националната или за државната самобитност или култура.

Елементи кои можат да се земат предвид за избор во звањето **вонреден професор,** покрај елементите утврдени во Законот и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во рефератот на рецензентската комисија се:

- научен степен доктор од научната област во која се избира;
- објавени минимум 5 научни трудови од кои 3 помеѓу двата избора, од кои на 2 да биде прв автор, односно јавно изведени или претставени уметнички дела во облик признат во струката;
- придонес во оспособувањето соработници и помлади натавници;

- покажана способност за квалитетно изведување на наставно-образовната работа;
- учество со реферати на меѓународни научни собири и учество во научни проекти;
- одржани предавања на последипломски студии, или раководење на семинар за последипломски студии, или членување во комисија за одбрана на магистерски трудови или докторати;
- позитивна рецензија на учебник, поглавје од учебник, скрипта од вежби или интерна скрипта од предавања;
- поголем број стручни (научно-популарни) трудови;
- ментор на магистерски трудови;
- учество во работата на научни и стручни здруженија или други форми на наставно-научна работа во земјата и странство.

Научните труодови (уметнички дела) од став 1 ал. 2, став 3 ал. 2 и став 4 ал. 2 на овој член треба да бидат објавени или претставени на начин на кој струката им признава меѓународно значење или значење за националната или државната самобитност или култура.

Елементи кои можат да се земат предвид за избор во звањето **редовен професор,** покрај елементите утврдени во Законот и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во рефератот на рецензентската комисија се:

- научен степен доктор на науки од научната област за која се избира;
- објавено минимум 4 научни трудови помеѓу двата избора, од кои на 3 да биде прв автор, односно јавно изведени или претставени уметнички дела во облик признат во струката;
- покажана способност за квалитетно изведување на наставно-образовната работа;
- учество со реферати на меѓународни научни собири;
- престој во меѓународни научни центри;
- раководител на научни проекти;
- ментор на магистерски и докторски трудови;
- издаден учебник или учебно помагало;
- учество во работата на научни и на стручни здруженија во земјата и во странство;
- значително влијание врз развојот на научната мисла и усовршување на практиката во соодветната област;
- придонес во создавањето и оспособувањето на соработници и помлади наставници и оспособеност за изведување воспитно-образвона работа.

**Член 8**

За наставник по стручно-уметничките предмети , освен за теоретските предмети , може да биде избрано и лице без докторат на науки во звањето:

- **доцент** ако има соодветно високо образование, признати уметнички дела, успешно дејствување во соодветната област на уметноста и ако покажува способност за наставно-образовна работа;

- **вонреден професор** кој има соодветно високо образование, поголем број признати уметнички дела, ако добил јавно признание за успешно дејствување во соодветната област на уметноста и ако покажува способност за наставно-образовна работа;

- **редовен професор** ако има соодветно високо образование, остварил такви уметнички дела односно резултати во соодветната област на уметноста кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата, со кои врши значително влијание врз развитокот на таа област и покажува способност за наставно-образовна работа.

Стручно-уметничките предмети се утврдуваат со студиски програми.

**б) Критериуми за избор во наставно звање на висока стручна школа**

**Член 9**

**За предавач** на висока стручна школа може да биде избрано лице кое има завршено последипломски студии и покажува способност за наставна и високостручна работа, има повеќе годишно успешно искуство во работотите од својата струка и има објавено најмалку 5 стручни труда.

**За виш предавач** на висока стручна школа може да биде избрано лице кое има завшрено последипломски студии, способност за наставна и високостручна работа, повеќе годишно успешно искуство во работотите од својата струка и објавено најмалку 10 стручни труда како и учество во научни проекти.

**За професор** на висока стручна школа може да биде избрано лице кое има докторат на науки, способност за изведување на наставна и високостручна работа, објавено повеќе научни и стручни трудови , издадено интерна скрипта или учебник и учество во научни проекти.

**в) Критериуми за избор во наставно-стручни звања**

**Член 10**

За **лектор** може да биде избрано лице кое има завршено последипломски магистерски студии од научна област во која се избира и покажува способност за наставна и високостручна работа, како и лице кое има соодветно високо образование завршено со натпросечни резултати, владее со проблематиката на својата дисциплина и има практично искуство во наставата .

За **виш лектор** може да биде избрано лице кое има завршено последипломски магистерски студии од научната област во која се избира, објавени научни и најмалку 5 стручни труда и покажува способност за наставна и високостручна работа.

**г) Критериуми за избор во наставни звања во Универзитетскиот спортски центар**

**Член 11**

За **предавач** по физичко образование во Универзитетскиот спортски центар може да биде избрано лице кое има зршено последипломски магистерски студии од областа на физичката култура и покажува способност за наставно-образовна работа.

За **виш предавач** по физичко образование во Универзитетскиот спортски центар може да биде избрано лице кое има зршено последипломски магистерски студии од соодветната област во која се избира, објавени научни и најмалку 10 стручни труда и покажува способност за наставна и високостручна работа.

**За професор** во Унвиерзитетскиот спортски центар може да биде избрано лице кое има соодветен докторат на науки, објавени најмалку 6 научни трудови или најмалку 10 стручни труда и потврдена способнсот за изведување натавна и стручна работа.

**ц) Критериуми за избор во насловни звања**

**Член 12**

Во звањето **насловен доцент** или **насловен вонреден професор** може да биде избрано лице кое претставува афирмиран научен работник, афирмиран стручњак од практиката, уметник или соработник на факултетот, доколку ги

исполунува условите за избор во редовно звање доцент или вонреден професор, а доколку на факултетот нема слободно место за избор во соодветното звање.

Потребата од избор на лице во насловно звање, со одлука ја утврдува наставно-научниот совет на факултетот.

Доколку во текот на траењето на насловното звање лицето биде избрано во истото редовно наставно-научно звање, периодот во кој било избрано во насловното звање се смета за период изминат во соодветното редовно наставно-научно звање.

**Член 13**

Обемот и видот на учеството во наставно-образовниот процес на лицето избрано во насловно звање се утврдуваат со одлука на наставно-научниот совет на факултетот.

**Член 14**

Изборот во насловно звање се врши според критериумите, начинот и постапката за избор во редовни наставни-научни звања уредени со овој Правилник

**ѓ) Критериуми за избор во соработнички звања**

**Член 15**

За **помлад асистент** може да биде избрано лице кое завршило соодветно високо образование со постигнат успех од најмалку 8,00, кое се служи со еден од светските јазици и покажува способност за наставно-научна, наставно-стручна, односно наставно-уметничка работа и особен интерес кон областа, односно предметот за кој се избира.

По исклучок, од став 1 на овој член, за помлад асистент по стручно-уметнички предмет може да биде избрано лице со просечна оценка од најмалку 8,00 од предметите на кои се избира, ако е натпросечно талентирано во областа на културата и уметноста и има психофизички способности кои се неопходен услов за вршење на соработничката дејност.

За **асистент** може да биде избрано лице кое има завршено последипломски магистерски студии од соодветно научно, односно уметничко подрачје или специјализација од областа на медицината, според Законот за здравствена заштита и одбранет магистерски труд, се служи со еден од светските јазици и покажува способност за наставно-научна, односно наставно-уметничка дејност.

За **асистент** по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице кое нема завршено соодветна магистратура, но има просечен успех

најмалку 8,00 од соодветното високо образование и покажува способност за наставно-научна и стручна работа.

За **помлад лектор** може да биде избрано лице кое има завршено соодветно високо образование, со просечна оцена најмалку 8,00, во целост владее со странскиот јазик за кој се избира и има способност за наставна работа. Предност имаат кандидатите со завршени последипломски студии.

За **уметнички соработник** може да биде избрано лице кое има завршено соодветно високо образование, со просечна оцена најмалку 8,00 и има способност за уметничка и наставна работа.

**Член 16**

Доцент, вонреден и редовен професор на факултетите и професор на висока стручна школа се избираат за време од пет години.

Редовен професор и професор на висока стручна школа по вториот избор, односно со над 60 години старост, по изборот стекнуваат работен однос на неопределено време и го задржуваат звањето редовен професор доживотно.

Лектор и виш лектор, предавач и виш предавач и соработник се избираат за време од четири години.

Асистент се избира за време од три години со право на уште еден избор.

Асистент кој се здобил со научен степен доктор на науки, може да биде избиран во тоа звање неограничено.

По исклучок од став 5 на овој член, асистент по уметничките предмети, кој не се здобил со научен степен доктор на науки, може да биде избран во тоа звање неограничено.

Помлад асистент се избира за време од две години со право на уште два избора.

Начинот на избор, времетраењето на изборот и начинот на оспособување на помладиот асистент, се уредува со статутот на високообразовната установа.

## III. НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

**Член 17**

Како објавени научни стручни и апликативни трудови со кои се потврдува владеењето на проблематиката во областа во која се избира лицето во звањето доцент, се сметаат трудови објавени во научни и стручни списанија и други публикации кои се од значење за развојот на науката и струката и кои го потврдуваат владеењето на проблематиката на која се избира.

Како научни и стручни списанија и други публикации се сметаат оние во кои објавените трудови подлежат на рецензија и се класифицирани како изворни научни и стручни трудови, како и поголем број трудови објавени во списанија, зборници што ги издаваат одделни институции.

Како признати уметнички дела во соодветната област на уметноста за избор во звањето доцент се сметаат делата со кои лицето настапило на јавни културни манифестации кои се од значење за развојот на уметноста .

**Член 18**

Како објавени поголем број научни, стручни и апликативни трудови од значење за развојот на науката и струката во соодветната област за избор на лицето во звањето вонреден професор, се сметаат трудовите објавени во научни и во стручни списанија во Републиката, од кои поголемиот број се самостојни (изворни) научни, стручни и апликативни трудови и со кои тоа се афирмира во соодветната научна област во земјата.

Во публикуваните научни , стручни и апликативни трудови во афирмирани списанија треба да е содржан приказот на резултатите од оригиналните истражувања и списанија кои можат да се оценат дека се од значење за развојот на науката и структурата во соодветната област.

Како јавни признанија за успешно дејствување во соодветната област на уметноста се сметаат јавните награди доделени за културно-уметнички настапи од републичко и од меѓународно значење.

**Член 19**

Како објавени поголем број научни, високостручни и апликативни трудови, со кои врши значително влијание врз развојот на научната мисла и усовршување на практиката во соодветната област за избор на лицето во звањето редовен професор, се сметаат трудовите за кои добил научно, односно општествено признание за придонес во научната област во која се избира, кои се објавени во афирмирани списанија, како и реферати и соопштенија на меѓународни собири, учебници и монографски изданија со кои може да се оцени афирмираноста на лицето во соодветната научна и стручна област.

Како објавени поголем број научни, уметнички и високостручни трудови, со кои врши значително влијание врз развојот на уметничката мисла и усовршување на практиката во соодветната област за избор на лицето во звањето редовен професор се сметаат трудови, концерти, изложби, јавни филмски и телевизиски проекции, претстави, фестивали, настапи, и нивно публикување во самостојни и во колективни монографии, стручни списанија, каталози и други публикации, за кои добило научно, односно општествено признание за придонесот во научната област во која се избира.

**Член 20**

Како способност за изведување наставно-образовна работа за избор во звањето доцент, вонреден професор, редовен професор, предавач, виш предавач и професор на висока стручна школа, се смета научно-наставно и стручно педагошка способност на лицето што ја покажало во наставно-образвониот процес и која е позитивно оценета.

## III. ПОСТАПКА И НАЧИН НА ИЗБОР

### а) Конкурс за избор

**Член 21**

Одлука за покренување постапка за избор во звање, во случаи кога изборот се врши прв пат, донесува наставно-научниот, односно наставничкиот совет.

Одлука за распишување конкурс за избор на лица избрани во звања донесува деканот односно директорот најдоцна шест месеци пред истекот на времето за кое се избрани.

Конкурсот од став 1 и 2 од овој член го распишува деканот, односно дидректорот.

**Член 22**

Изборот во наставно-научни, наставни и соработнички звања се врши по пат на јавен конкурс објавен во дневните јавни гласила.

Конкурсот трае 8 дена од денот на објавувањето.

**Член 23**

Конкурсот треба да ја содржи научната област или дисциплината (предметот) за која се избира лицето, рокот на траењето и општите и посебните услови за избор.

**Член 24**

Постапката по конкурсот за избор во наставно-научни, наставни наставно-стручни и соработнички звања трае најмногу 6 месеци.

Рокот од претходниот став започнува да тече наредниот ден од последниот ден на траењето на конкурсот.

Доколку постапката не заврши во предвидениот рок од став 1 на овој член, се распишува нов конкурс.

**Член 25**

Постапката за повторен избор во звање започнува најдоцна 6 месеци пред истекот на времето за кое лицето било избрано во наставно-научно, наставно, наставно-стручно или соработничко звање, по службена должност на деканот односно директорот.

**б) Предвремен избор во повисоко звање**

**Член 26**

Лицата во наставно-научни звања, наставни звања, наставно-стручни звања и сорабонтички звања можат да бидат избрани во повисоко звање во истата наставно-научна област и пред истекот на рокот за кој се избрани, доколку ги исполнуваат условите за избор утврдени со Законот и со овој Правилник и доколку имаат поминато повеќе од половина од времето во звањето во кое се наоѓаат, а покажуваат извонредни резултати во наставно-образовната дејност, научноистражувачката работа во својата област, односно во стручно-уметничката работа, и имаат особен придонес за развојот ,односно примената на научната односно уметничката дејност за која се избрани.

**Член 27**

Иницијатива за предвремено унапредување на лицата од чл. 27 на овој Правилник даваат најмалку два института , односно две катедри или други организациони единици на високообразовната установа од соодветната наставно-научна област за која се врши изборот, со писмен и образложен предлог, во кој особено се наведуваат постигнатите извонредни резултати на лицето.

Доколку во рамките на факултетот или високата стручна школа не постојат најмалку две оргнанизациони единици од соодветната наставно-научна област од став 1 на овој член, иницијатива за предвремено унапредување може да дадат и други организациони единици, од кои најмалку една од соодветната научна област.

Соодвтноста од претходните ставови на овој член ја утврдува наставно-научниот совет на факултетот на кој се врши изборот.

За иницијативата од став 2 на овој член се изјаснува наставно-научниот совет на факултетот - високата стручна школа во чии рамки се наоѓа организационата единица.

**Член 28**

По образложената иницијатива за покренување постапка за избор на повисоко звање пред истекот на рокот, одлучува наставно-научниот совет на

факултетот, односно наставничкиот совет на високата стручна школа и во одлуката посебно се назначува дека се врши предвремен избор за што е потребна писмена согласност од наставникот.

Со објавување на рецензијата обврзно се објавува и одлуката на наставно-научниот совет за предвремен избор со образложението, односно причините за нејзиното носење.

**Член 29**

Изборот на кандидатите во наставно-научни, наставни наставно-стручни и соработнички звања го врши наставно-научниот совет на факултетот, односно наставничкиот совет на високата стручна школа, врз основа на извештајот и предлогот на рецензентската комисија.

## в) Рецензентска комисија

**Член 30**

Рецензентската комисија ја формира наставно-научниот, односно наставничкиот совет на факултетот - високата стручна школа, во рок не подолг од 30 дена од денот на завршувањто на рокот за пријавување на кандидатите.

Деканот на факултетот, односно директорот на високата стручна школа , во рок не подолг од 8 дена, ги известува членовите на рецензентската комисија и пријавените кандидати за составот на рецензентската комисија.

Рецензентската комисија се состои најмалку од три члена.

Членовите на рецензентската комисија можат да бидат од факултетот - високата школа во кои се врши изборот и од други високообразовни и научни установи кои вршат високообразовна дејност во земјата и во странство.

Членовите на рецензентската комисија не можат да бидат во пониски звања од звањето за кое конкурирале или се избираат кандидатите.

**Член 31**

Членовите на рецензентската комисија можат да бидат и пензионирани лица во наставно-научното звање редовен професор, кои ги исполнуваат условите од овој Правилник.

**Член 32**

Повеќе од половината од членовите на рецензентската комисија ја сочинуваат лица во наставно-научни звања и наставници од истото наставно-научно, односно уметничко подрачје во наставно-научната, односно уменичката област во која се избира кандидатот, а другите членови можат да бидат од сродна наставно-научна, односно уметничка област.

**Член 33**

Рецензентската комисија поднесува реферат за сите пријавени кандидати и предлага еден од кандидатите кој ги исполнува условите за избор во звање и го предлага звањето во кое може да биде избран.

**Член 34**

Рецензентската комисија е должна да поднесе реферат во рок од 3 месеци од денот на доставувањето на одлуката за избор на нејзините членови и документацијата.

Доколку рецензентската комисија не поднесе реферат во рокот утврден во претходниот став, се формира нова рецензентската комисија.

Предлог за формирање нова рецензентска комисија поднесува деканот - директорот.

**Член 35**

Рецензентската комисија предлогот за избор на кандидатот го донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Ако рецензентската комисија нема предлог , согласно со претходниот став, се избира нова рецензентската комисија.

**Член 36**

Рефератот на рецензентската комисија содржи: биографски податоци на кандидатот, оценка на неговите научни, уметнички, стручни, педагошки и други остварувања кои се од важност за утврдување на условите за избор во звање, податоци за објавените стручни и научни трудови и оценка на тие трудови, како и предлог за избор на кандидатот во определено звање. Поблиски одредби за начинот на пишување на извештјот на рецензентската комисија се утврдува со упатство на Ректорската управа.

Рефератот, односно извештајот, се објавува во Билтенот на Универзитетот, на македонски јазик.

**Член 37**

Доколку постои издвоено мислење на член на рецензентската комисија по предлогот за избор на кандидатот, мислењето, заедно со рефератот , се објавува во Билтенот на Универзитетот.

**Член 38**

Високообразовната установа е должна да го објави рефератот на рецензентската комисија во Билтенот на Универзитетот најмалку 15 дена пред денот на изборот.

Поблиски одредби за Билтенот содржи Правилникот за издавање на Билтенот на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола.

**Член 39**

Ако на конкурсот се пријават кандидати кои не ги исполнуваат условите за избор во соодветно звање, рецензентската комисија го констатира неисполнувањето на условите и го објавува во Билтенот на Универзитетот, а за тоа го известува наставно-научниот совет.

**Член 40**

Во рок од 15 дена од денот на објавувањето на рефератот на рецензентската комисија во Билтенот на Универзитетот, заинтересираните лица(учесници во постапката, наставно-научни работници, наставници и соработници од факулттот и од соодветната наставно-научна област на други високообразовни установи) можат да поднесат приговор на објавените реферати за избор во наставно-научни, наставни и соработнички звања.

**Член 41**

Приговорот се доставува до рецензентската комисија преку деканот односно дидректорот.

Рецензентската комисија дава одговор по приговорот во рок од 7 дена.

Приговорот и одговорот на приговорот задолжително се објавуваат во Билтенот на Универзитетот и се доставуваат до наставно-научниот совет седум дена пред олучувањето по рефератот за избор во соодветно звање.

**Член 42**

Доколку рецензентската комисија утврди дека приговорот е злонамерен или со него се повредува достоинството на учесниците во постапката или на рецензентите, или се навредува јавниот морал , за објавувањето на приговорот и одговорот по приговорот одлучува факултетската управа.

## г. Одлучување за избор

**Член 43**

Наставно-научниот, односно наставничкиот совет изборот на кандидатите во наставно-научно, односно во наставно звање го врши доколку се присутни две третини од членовите на Советот.

Кандидатот во наставно-научно , односно наставно звање е избран, ако добие мнозинство гласови од вкупниот број редовни професори, вонреди професори и доценти односно професорите, вишите предавачи и предавач на високата стручна школа.

При изборот во наставно-научни, и наставни звања, не учествуваат асистентите, помладите асистенти и студентите, членови на наставно-научниот, осносно наставничкиот совет.

**Член 44**

Наставно-научниот , односно наставничкиот совет, изборот во соработничко звање го врши доколку на седницата се пирсутни две третини од вкупниот број на членовите на наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет.

Сорабонтикот е избран ако добие мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет.

**Член 45**

Ако при изборот на лицето во повисоко звање, кандидатот не го добие потребното мнозинство, повторно се гласа за избор во звањето во кое се наоѓа.

На лицата кои не се избрани во повисоко звање, односно преизбрани во истото звање, им престанува работниот однос после одлуката на Сенатот.

**Член 46**

Наставно-научниот, односно наставниот совет одлучува за изборот само по предлогот на рецензентската комисија.

Ако рецензенстката комисија има негативна рецензија или ако натавно-научниот, односно наставниот совет не изврши избор, се распишува нов конкурс.

## IV. Лица кои не се избрани

**Член 47**

Лицето од ст. 2 на чл. 46 има право на приговор до наставно-научниот совет на факултетот, односно наставничкиот совет на високата стручна школа во рок од 8 дена од денот на известувањето за одлуката на наставно-научниот совет.

Наставно-научниот односно наставничкиот совет во рок од 30 дена по доставувањето на приговорот, формира комисија од 3 члена од соодветната област во која лицето претходно било избрано, со задача да даде одговор по наводите во приговорот. Член на оваа комисија не може да биде член на рецензентската комисија по чиј реферат наставно-научниот совет одлучувал.

Комисијата од претходниот став на овој член во рок од 15 дена, доставува извештај до наставно-научниот совет по наводите во приговорот.

Наставно-научниот совет во рок од 60 дена по поднесувањето на извештајот на комисијата, одлучува во согласност со овој Правилник.

**Член 48**

Наставно-научниот односно наставничкиот совет приговорот на лицето од чл. 48 го разгледува заедно со извештајот на комисијата по приговорот.

**Член 49**

Доколку наставно-научниот, односно наставничкиот совет го одбие приговорот, лицето има право на жалба до Универзитетскиот сенат на Универзитетот, во рок од 8 дена по приемот на одлуката на наставно-научниот совет.

**Член 50**

Универзитетскиот сенат, во рок од 30 дена од поднесувањето на жалбата на лицето од претходниот член , формира комисија од три члена од редовни професори од иста или сродна наставно-научна односно уметничка област од која е подносителот на жалбата, од кои најмалку два члена се од друг факултет.

Комисијата, во рок од 30 дена, поднесува извештај до Универзитетскиот сенат со оцена за изборот и со образложен предлог.

Комисијата, може да предложи лицето да биде избрано во звањето во кое претходно било избрано, да предложи избор во звањето за кое конкурирало или да предложи да се прифати одлуката на наставно-научниот совет.

Одлуката на Универзитетскиот сенат се донесува со мнозинство гласови од бројот на присутните членови на Сенатот.

Одлуката на Универзитетскиот сенат е конечна.

## VI. ПРЕДВРЕМЕНО ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ИЗБОРОТ

**Член 51**

На лицето избрано во наставно-научно, наставно и соработничко звање може да му престане работниот однос и пред истекот на врмето за кое е избрано, под услови и постапка уредени со Закон и статутот на факултетот односно високата стручна школа.

**Член 52**

Иницијатива за предвремено престанување, на изборот може да покрене деканот на факултетот, односно директорот или органот на внатрешната организаациона единица која припаѓа на наставникот.

**Член 53**

Иницијативата од претходниот член ја разгледува наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет.

Доколку наставно-научниот, односно наставничкиот совет ја прифати иницијативата, формира комисија составена од 3 редовни професори, односно професори на висока школа, од кои 2 се од соодветната наставно-научна област во која е избран кандидатот, со задача да изготви реферат за предвремено престанување на изборот.

**Член 54**

Рефератот за предвремено престанување на изборот се објавува во Билтенот на Универзитетот.

**Член 55**

Одредбите од овој Правилник за постапката за избор во звање соодветно се применуваат и за постапката за предвремено престанување на изборот.

## VII. УЧЕСТВО НА АФИРМИРАНИ НАУЧНИЦИ, СТРУЧЊАЦИ ОД ПРАКТИКАТА И УМЕТНИЦИ

**Член 56**

Заради презентирање на научните достигања, афирмирани научници, истакнати стручњаци од стопанството и од општествените дејности и уметници, на покана, можат да учествуваат во изведувањето на одделни

задачи од наствно-научните дисциплини, на начин и под услови определени со статутот на факутлетот, односно високата стручна школа.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 57**

Затекнатите асистенти коишто се еднаш преизбрани и затекнатите помлади асистенти коишто се првпат избрани можат да бидат уште еднаш избарани во истото звање согласно Законот за високо образование.

Затекнатите лектори можат да бидат избрани според условите утврдени во Законот за високото образование и овој Правилник.

**Член 58**

Постапките започнати за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања пред влегувањто во сила на овој Правилник, можат да завршат според одредбите од Спогодбата за усогласување на условите, критериумите, постапката и начинот за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола од 06.1.1987 година, доколку не се во спротивност со Законот за високото образование, најдоцна во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој Правилник.

**Член 59**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Спогодбата за усогласување на условите, критериумите, постапката и начинот за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола од 06.1.1987 година.

**Член 60**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник - Билтенот на Универзитетот , а ќе се применува после 30 дена од објавувањето.

**Р е к т о р**

**Проф. д-р Божидар Маслинков с.р.**

**Претседател на Универзитетски сенат**

**Академик Глигор Каневче с.р.**